MaSWA
Macedonian Solid Waste Association

NATIONAL MEMBER OF ISWA
International Solid Waste Association

2026

ОБУКА ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД (MASWA)

СЕПТЕМВРИ/ОКТОМВРИ

ONLINE



М-р Славјанка Пејчиновска-Андонова - експерт за отпад и климатски акции

Славјанка Пејчиновска-Андонова има повеќе од 20 години искуство во областа на заштитата на животната средина, одржливото управување со различни видови отпад (фокус на опасен отпад и негово безбедно управување) и предлагање мерки за спречување на генерирање отпад и спроведување специјализирана обука. Таа подготвува планови и програми за управување со отпад за општини, мали и средни претпријатија и големи комплексни инсталации, обезбедува консултантски услуги во подготовката на законски прописи, подготовка на стратешки плански документи поврзани со отпадот (Национална стратегија за управување со отпад, Национална стратегија за управување со тиња од пречистителни станици), животна средина и климатски промени и е лиценциран меѓународен експерт за отпад на ISWA од 2015 година. Таа активно учествуваше во зајакнувањето на капацитетите на националните институции за воспоставување систем за аплицирање за проекти за климатски акции пред Зелениот климатски фонд, спроведувајќи обуки за климатски промени и родови прашања, вклучително и подготовка на Извештаи за ранливост на климатските промени за проценка на ранливоста на инфраструктурните проекти од климатските ризици, со практично искуство при проектирање на постројки за третман на отпадни води, депонии и сложени соларни системи.

slavjanka@ekomozaik.com



Филип Иванов - експерт за отпад, потпретседател на MASWA

Со повеќе од две децении лидерство во заштитата на животната средина и управувањето со цврст отпад, Филип Иванов е етаблиран експерт препознаен по својот стратешки придонес во националните и регионалните реформи за одржливост. Неговата кариера ги опфаќа највисоките нивоа на јавната администрација – како Директор на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија – како и извршни позиции во приватниот сектор, вклучувајќи ја функцијата Раководител на животна средина во Цементарница УСЈЕ (дел од TITAN Group) и Директор за инвестиции и развој во Balkan Energy Group. Тој е и Потпретседател на Македонската асоцијација за цврст отпад (MaSWA), каде што има значаен придонес како експерт и консултант во унапредување на професионалните стандарди, јавно-приватниот дијалог и регионалната соработка во секторот за управување со отпад. Г. Иванов одиграл клучна улога во проекти финансирани од ЕУ, ЕБОР, SECO и SIDA, предводејќи иницијативи во циркуларната економија, контрола на индустриско загадување и модернизација на системите за управување со отпад.

filipiv@gmail.com



М-р Ана Каранфилова-Мазневска

Раководител на Секторот за управување со отпад во Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија Работи на управување со отпад на национално ниво. Г-ѓа Мазневска Каранфилова работи на развој на планови за управување со отпад, мониторинг и собирање податоци, како и на развој и координација на технички и економски студии за управување со посебни текови на отпад. Таа раководи со тим на неколку проекти финансирани од ЕУ и ЕБОР поврзани со управување со отпад.

A.Karanfilova@moepp.gov.mk



Виктор Христов - член на надзорниот одбор на MACBA

Меѓународен експерт за отпад на Меѓународната Асоцијација за управување со отпад ISWA.

Неговата експертиза е:

Управување со медицински отпад;
Управување со опасен отпад;
Технологии и процеси за третман на отпад;
Контрола на инфекции во животната средина;
Затворање и санација на депонии.

viktorhr@t.mk



Д-р Влатко Трајкоски - управител со отпад во „Раде Кончар Сервис“

Со долгогодишно професионално искуство во областа на управувањето со отпад. Тој е доктор по економски науки и поседува експертско знаење во развој и примена на одржливи системи за управување со отпад.
Член е на Управниот одбор на МАСВА (Македонска асоцијација за управување со цврст отпад), сертифициран меѓународен управител со отпад со сертификат издаден од ISWA, како и експерт за ПХБ технологија, со фокус на иновативни и технолошки решенија во секторот.

vlatko.trajkoski@koncar.com.mk



М-р Фатмир Ејуб - управител на АЛПАКЕКО, друштво за управување со пакување и отпад од пакување.

Работи на промовирање, координирање и финансирање на активности за селективно собирање, сортирање и рециклирање отпад од амбалажа. Со својот тим Фатмир Ејуб интензивно работи на организирање кампањи за подигнување на свеста на граѓаните за селективното собирање, сортирање и рециклирање на амбалажниот отпад, едукација на вработени во компаниите кои што се дел од системот на АЛПАКЕКО, децата во предучилишните установи и во основните училишта за значењето на селективното собирање, сортирање и рециклирање на амбалажниот отпад, соработка со разни невладини организации, општини и државни институции за поставување на инфраструктура за поефективно собирање и селектирање на отпадот.

fatmirejub@alpakeko.mk



М-р Марјан Михајлов - инженер за животна средина

Член на Националниот регистар на лиценцирани управители со отпад и листата на експерти за ОВЖС. Како специјалист за управување со отпад, бил вклучен во имплементација на голем број проекти поддржани од различни меѓународни агенции и меѓународни финансиски институции, и како лидер на тим и како специјалист за управување со отпад. Неговото работно портфолио вклучува проценка на влијанието врз животната средина и стратешка проценка на проекти за управување со отпад, развој на планови и програми за управување со отпад, развој на оперативни документи за депонии, собирање и анализа на податоци за управување со отпад итн.

m.mihajlov@maneko.com.mk



М-р Ангела Темелковска - инженер за животна средина

8+ години искуство во заштита на животната средина, управување со отпад и регулаторна усогласеност. Моментално работи како помлад инспектор за животна средина во Државниот инспекторат за животна средина, обезбедувајќи усогласеност со националните и ЕУ регулативите и учествува во проекти и работни групи за подобрување на капацитетите за управување со отпад и заштита на животната средина. Ангела има магистратура по геотехничко инженерство со истражувања и публикации насочени кон анализа на депонии. Таа е сертифицирана аналитичарка за одржлив развој. Поседува широк спектар на сертификати и успешно има завршено бројни програми за обука во областа на животната средина и климатски промени. Покрај своето практично искуство, Ангела е активен ментор, обезбедувајќи експертска поддршка на млади активисти и организации во областа на заштитата на животната средина.